Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден __.01.2026 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за давање согласност на Измена на**
**Годишен план за вработување на**
**Општина Велес за 2026 година**

1.Со ова Решение, Советот на Општина Велес дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2026 година со бр.04-396/1 од 22.01.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

До Советот на Општина Велес се предлага Измена на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2026 година со бр.04-396/1 од 22.01.2026 година.

Согласно член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24):

„Функционерот кој раководи со институцијата е должен, изготвениот предлог план, да го достави на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата, односно до:

-советот на општината за единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи основани од единиците на локалната самоуправа“ и став 11:

„Планот за кој е добиено позитивно мислење од Министерството за јавна администрација може да се менува во текот на годината за која се однесува само по претходно добиена согласност од надлежните органи за давање на согласност“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.